**доверливо**

NLB Banka

0203-119; 31.03.2023

Материјал за 116-та седница
на Надзорниотодбор на НЛБ Банка АД Скопје
Датум: 31.03.2023

Точка на дневен ред:2023 – 116VS T7.1.

Предлагач: Одбор за именување

---

## Предлог – Одлука за позитивна годишна оцена на соодветноста на Членовите на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година

---

Врз основа на Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка од 06.02.2018година, Надзорниот Одбор на НЛБ Банка АД Скопје, на 31.03.2023 година донесе

## Одлука за позитивна годишна оцена на соодветноста на Членовите на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година

1. Се усвојува позитивна годишна оцена на соодветноста на Членовите на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година во следниот состав:
   - Блаж Бродњак, Претседател на Надзорниот одбор
   - Боштјан Ковач, Заменик претседател на Надзорниот одбор (од 18.04.2022г.)
   - Зоран Јовановски, Втор заменик претседател на Надзорниот одбор и независен член на Надзорниот одбор
   - Кристина Ковачич Бјелајац, Член на Надзорниот одбор
   - Матеја Тревен, Независен член на Надзорниот одбор
   - Андреја Стражишар, Член на Надзорниот одбор.

2. Позитивната годишна оцена на соодветноста на Членовите на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година се состои од следните оцени како нејзин составен дел, дадени во прилог на оваа одлука:
   - Поединечна оценка на соодветност на секој член на Надзорниот одбор (Прилог 1а)
   - Колективна оценка на соодветност на Надзорниот одбор (Прилог 1б)
   - Оцена на сопствената работа за 2022 од членовите на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје (Прилог 1в)
   - Оцена на големината и составот на Надзорниот одбор, како и на големината и составот на Законските пропишани одбори и нивната меѓусебна соработка (Прилог г)
   - Оцена на ефикасноста на надзорот што го врши Надзорниот одбор како дел од корпоративното управување во банката и идентификување на активностите каде што е потребно унапредување или промени (Прилог г)
   - Оцена на ефикасноста на Законските пропишани одбори (Прилог г).

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесување.

Скопје 31.03.2023 година
Одлуката да се достави до:
Центар за управување со човечки ресурси
Сектор за правни работи и секретаријат

Блаж Бродњак
Претседател
На Надзорен одбор

Материјал за 116-та седница
на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Склопје

Датум: 31.03.2023

Точка на дневен ред:2023 – 116 VS T7.1

Предлагач: Одбор за именување

---

**Информација кон Предлог – Одлука за позитивна годишна оцена на соодветноста на Членовите на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година**

---

Согласно Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка од 06.02.2018 година од Народна банка на Република Северна Македонија, Надзорниот одбор на годишно ниво спроведува оцена на соодветноста членовите на Надзорниот одбор за 2022 година, составена од:

- Поединечна оценка на соодветност на секој член на Надзорниот одбор
- Колективна оценка на соодветност на Надзорниот одбор
- Оцена на сопствената работа за 2022 од членовите на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје
- Оцена на големината и составот на Надзорниот одбор, како и на големината и составот на Законските пропишани одбори и нивната меѓусебна соработка
- Оцена на ефикасноста на надзорот што го врши Надзорниот одбор како дел од корпоративното управување во банката и идентификување на активностите каде што е потребно унапредување или промени
- Оцена на ефикасноста на Законските пропишани одбори.

Според тоа, врз основа на спроведена годишна оцена на соодветноста на членовите на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје, Одборот за именување му предлага на Надзорниот одбор да ја потврди позитивната годишна оцена на соодветноста на Членовите на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година**.**

Наведените оцени кои се составен дел на Годишната оцена на адекватноста на Надзорниот одбор за 2022, се дадени како прилог на Одлуката.

Скопје, 31.03.2023 година

доверливо

Прилог 1а

**Поединечна оцена на соодветноста на Блаж Бродњак, Претседател на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година**

а) **Проверка на целовитоста на информациите и усогласеноста на податоците со документацијата**

| Критериум | Документи | Адекватност |
|---|---|---|
| Искуство, знаење и компетенции | -биографија (CV)<br>-документација која ја доставил кандидатот<br>-документација со која располага банката<br>Споредување на податоците | **да** не условно |
| Углед | 1.Кривична постапка/Казнена постапка/ прекршочна постапка<br>2. Економско-општествена позиција<br>3.Информации во медиумите | **да** не условно |
| Судир на интереси, независност, интегритет и чесност | 1.Лични, професионални или економски односи со банката<br>Документација која ја доставил кандидатот | **да** не условно |
| Временска расположливост | Документација која ја доставил кандидатот | **да** не условно |

б) **Вкупна оценка:**

По деталниот преглед на документацијата и информациите, лицето се оценува за:

- **адекватно**
- неадекватно
- условно адекватно

Услови (во случај ако оцената е „условно адекватно"):

| Област | Услови | Рок за исполнување на условот |
|---|---|---|
| 1) | | |
| 2) | | |
| 3) | | |
| 4) | | |
| 5) | | |

**Образложение за оценката**

Се констатира позитивна поединечна оцена на соодветноста на г-дин Блаж Бродњак Претседател на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година и исполнување на критериумите за знаење, искуство и компетенции за остварување на функцијата Претседател на Надзорен одбор, како и критериумите за углед, судир на интереси и независност, интегритет, чесност и временската расположивост за остварување на функцијата.

Соодветноста на г-дин Блаж Бродњак Претседател на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје, за 2022 година се потврдува со следното:

Г-динот Блаж Бродњак се одликува со исклучително успешно долгогодишно професионално менаџерско искуство во банкарскиот сектор и осигурувањето, особено како носител на највисоки надзорни и управувачки функции.

Преку долгогодишното остварување на функцијата на Претседател на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје, неколкугодишно членство во надзорни одбори во повеќе банки во НЛБ

Групацијата, како и функцијата на Претседател на Управен одбор на НЛБ д.д. во подолг период, како и стекнатото продлабочено знаење и стручност од областа на банкарското работење и финансиите, на корпоративното управување и улогата и функцијата на органите на управување и надзор особено, спецификите на корпоративното управување на НЛБ Банка АД Скопје, нејзината финансиска состојба и профилот на ризичност, се валидира неговата соодветност за извршување на позицијата Претседател на Надзорниот одбор.

Соодветното стекнато образование, знаење, стручност и компетенции здобиени преку континуирани професионални стручни усовршувања и обуки во областа на финансиите и банкарското работење, стратешкото управување и менаџментот и други релеватни теми врзани со банкарското работење и корпоративното управување, како: одржливоста и ESG Факторите, Cyber безбедноста, заштитата на личните податоци, спречување на перење на пари, како и други актуелни теми врзани со регулативата и спецификата на банкарското работење, ја потврдуваат неговата соодветност за професионално искуство и знаење за позицијата Претседател на Надзорниот одбор.

Се оценува дека за г-динот Блаж Бродњак Претседател на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје и во 2022 година не постоеле судири на интереси кои ја ограничувале неговата способност за вршење на функцијата Претседател на Надзорен одбор. Тој искажа подготвеност за непречено, целосно, објективно и независно извршување надлежностите на Надзорниот одбор, оствари независна и објективна оцена на решенијата и одлуките коишто се предлагаа од другите членови на Надзорниот одбор, самостојно ги анализираше одлуките на Управниот одбор и избегнуваше следење на колективните ставови и мислења.

Г-динот Блаж Бродњак врз основа на досегашното работење и делување како Претседател на Надзорниот одбор и во 2022 потврди дека, поседува репутација, што, меѓудругото, подразбира почитување на законските одредби и договорните обврски, соработка со супервизорските и со другите надлежни органи и почитување на корпоративната култура и вредности на Банката.

Врз основа на спроведените седници на Надзорниот одбор на Банката во 2022 година, водењето и учеството на седници, искажаната иницијатива и проактивност во работењето на Надзорниот одбор, како и информациите за членствата во органи на надзор и/или управување на други правни лица или на непрофитни организации на г-динот Блаж Бродњак се цени дека г-динот Бродњак посветил доволно и соодветно внимание и посветеност на функцијата и извршување на обврските за Претседател на Надзорен одбор, како и на задолженијата и во другите тела во Банката, како Претседател на Одборот за наградување и Член на Одборот за именување.

Исто така се цени дека г-динот Блаж Бродњак и во 2022 година посветил доволно време потребно за негово дополнително континуирано стручно надоградување, врзано за извршување на неговите функции.

Датум: 15.03.2023

Потписи на овластените лица:

______________________________

Дејан Маџоски
Директор
Центар за управување со човечки ресурси

______________________________

Матеја Папеж
Директор
Центар за усогласување на прописите и интегритет

NLB Banka

Прилог 1а

**Поединечна оцена на соодветноста на Г-дин Боштјан Ковач, член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година (мандат од 18.04.2022г.)**

а) **Проверка на целовитоста на информациите и усогласеноста на податоците со документацијата**

| Критериум | Документи | Адекватност |
|---|---|---|
| Искуство, знаење и компетенции | -биографија (CV)<br>-документација која ја доставил кандидатот<br>-документација со која располага банката<br>Споредување на податоците | **да** не условно |
| Углед | 1.Кривична постапка/Казнена постапка/ прекршочна постапка<br>2. Економско-општествена позиција<br>3.Информации во медиумите | **да** не условно |
| Судир на интереси, независност, интегритет и чесност | 1.Лични, професионални или економски односи со банката<br>Документација која ја доставил кандидатот | **да** не условно |
| Временска расположливост | Документација која ја доставил кандидатот | **да** не условно |

б) **Вкупна оценка:**

По деталниот преглед на документацијата и информациите, лицето се оценува за:

- **адекватно**
- неадекватно
- условно адекватно

Услови (во случај ако оцената е „условно адекватно"):

| Област | Услови | Рок за исполнување на условот |
|---|---|---|
| 1) | | |
| 2) | | |
| 3) | | |
| 4) | | |
| 5) | | |

**Образложение за оцената**

Се констатира позитивна поединечна оцена на соодветноста на Г-дин Боштјан Ковач за позицијата Член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година и исполнување на критериумите за знаење, искуство и компетенции за остварување на функцијата Член на Надзорен одбор, како и критериумите за углед, судир на интереси и независност, интегритет, чесност и временската расположивост за остварување на функцијата.

Соодветноста на Г-дин Боштјан Ковач за позицијата Член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје, за 2022 година се потврдува со следното:

Г-дин Боштјан Ковач поседува долгогодишно успешно професионално работно искуство на надзорни и други раководни позиции во банкарскиот, финансискиот сектор и реалниот сектор, при што тековно ја врши функцијата Директор на Секторот за управување со Групацијата (Group Steering) од 2023 година, како и Прокуратор во рамки на НЛБ д. д. Љубљана, од март 2021 година,

Неговото повеќегодишно членство во надзорни одбори на членки на НЛБ Групацијата во Босна и

Херцеговина, како и стекнат повеќе годишен професионален раководен ангажман во областа на финансиите, сметководството, контролингот и корпоративното банкарство и малопродажбата, се соодветни за извршување на надлежностите за функцијата член на Надзорен одбор на Банката во НЛБ Банка АД Скопје, што се потврди и во изминатиот период во текот на 2022 година од кога е остварено неговото назначување за Член на Надзорниот одбор.

Тој преку остварување на функцијата на Член на Надзорниот одбор на Банката и Член на Одборот за ревизија, како и стекнатото продлабочено знаење од областа на банкарското работење и финансиите, корпоративното управување и улогата и функцијата на органите на управување и надзор, се одликува со одлично познавање на корпоративото управување на Банката, особено нејзината финансиска состојба и профил на ризичност.

Соодветното стекнато образование, знаење, стручност и компетенции здобиени преку континуирани професионални стручни усовршувања и обуки во областа на финансиите, банкарското работење и менаџментот, како и други релеватни теми врзани со банкарското работење, како: одржливоста и ESG Факторите, cyber безбедноста и други актуелни теми врзани со банкарската регулатива, ја потврдуваат неговата соодветност за професионално искуство и знаење за позицијата Член на Надзорниот одбор.

Се оценува дека за Г-динот Боштјан Ковач, Член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во 2022 година не постоеле судири на интереси кои ја ограничувале неговата способност за вршење на функцијата Член на Надзорен одбор. Тој искажа спремност за непречено, целосно, објективно и независно извршување надлежностите на Надзорниот одбор, оствари независна и објективна оцена на решенијата и одлуките коишто се предлагаа од другите членови на Надзорниот одбор, самостојно ги анализираше одлуките на Управниот одбор и избегнуваше следење на колективните ставови и мислења.

Г-динот Боштјан Ковач, врз основа на изминатиот период на негово работење и делување како Член на Надзорниот одбор во 2022 потврди дека, поседува репутација, што, меѓудругото, подразбира почитување на законските одредби и договорните обврски, соработка со супервизорските и со другите надлежни органи и почитување на корпоративната култура и вредности на Банката.

Врз основа на неговото учество во спроведените седници на Надзорниот одбор на Банката во 2022 од период на неговото членство во Одборот во 2022 година, искажаната иницијатива и проактивност во работењето на Надзорниот одбор, како и информациите за членствата во органи на надзор и/или управување на други правни лица или на непрофитни организации се констатира дека Г-динот Боштјан Ковач, посветил доволно внимание и посветеност на функцијата и извршување на обврските за Член на Надзорен одбор, како и на задолженијата и во другите тела во Банката, како Член на Одборот за ревизија, Претседател на Одборот за именување и член на Одборот за наградување.
Исто така се цени дека Г-динот Боштјан Ковач од неговото именување во 2022 година за Член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје, посветил доволно време потребно за негово дополнително континуирано стручно надоградување, врзано за извршување на неговите функции.

Датум: 15.03.2023

Потписи на овластените лица:

______________________________
Дејан Маџоски
Директор
Центар за управување со човечки ресурси

______________________________
Матеја Папеж
Директор
Центар за усогласување на прописите и интегритет

доверливо

Прилог 1а

**Поединечна оцена на соодветноста на Зоран Јовановски, независен член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година**

| Критериум | Документи | Адекватност |
|---|---|---|
| Искуство, знаење и компетенции | -биографија(CV)<br>-документација која ја доставил кандидатот<br>-документација со која располага банката<br>Споредување на податоците | да не условно |
| Углед | 1.Кривична постапка/Казнена постапка/ прекршочна постапка<br>2. Економско-општествена позиција<br>3.Информации во медиумите | да не условно |
| Судир на интереси, независност, интегритет и чесност | 1.Лични, професионални или економски односи со банката<br>Документација која ја доставил кандидатот | да не **условно** |
| Временска расположливост | Документација која ја доставил кандидатот | да не условно |

**б) Вкупна оценка:**

По деталниот преглед на документацијата и информациите, лицето се оценува за:

- адекватно
- неадекватно
- **условно адекватно**

Услови (во случај ако оцената е „условно адекватно"):

| Област | Услови | Рок за исполнување на условот |
|---|---|---|
| 1) Судир на интереси, независност, интегритет и чесност.<br>- Членот на Надзорниот одбор не треба да учествува директно во склучување на договори или било каква друга деловна соработка помеѓу Банката и друштвото Еуро-Мак Компани ДОО Скопје, како и да се воздржи од било какво формално или неформално влијание на веќе склучените договори помеѓу друштвото Еуро-Мак Компани ДОО Скопје и Банката.<br>- Рокот за исполнување на условот е до крајот на мандатот. | | |
| 2) Членот на Надзорниот одбор не треба да учествува директно во разгледувањето на документација, носењето деловни одлуки вклучувајќи и одлуки за одобрување на финансиска изложеност за друштвото Винарија Тиквеш АД Скопје, ниту пак во склучување на договори, било каква друга деловна соработка или било какво формално или неформално влијание на веќе склучените договори помеѓу горенаведеното друштво и Банката, доколку такви има.<br>- Рокот за исполнување на условот е до крајот на мандатот. | | |

## Образложение

Се констатира позитивна поединечна оцена на соодветноста на Зоран Јовановски, Независен член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година и исполнување на критериумите за знаење, искуство и компетенции за остварување на функцијата Член на Надзорен одбор, како и критериумите за углед, судир на интереси и независност, интегритет, чесност и временската расположивост за остварување на функцијата.

Соодветноста на Зоран Јовановски, Независен член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година се потврдува со следното:

Г-дин Зоран Јовановски се одликува со долгогодишното успешно професионално работно искуство. Поголем дел од неговиот професионален ангажман е во финансискиот сектор, како носител на раководни функции и стручни работни позиции во комерцијалните банки во Република Северна Македонија, како и ангажман во сегментот на супервизијата, како носител на функции и надлежности во Народна банка на Република Северна Македонија во делот банкарската супервизија, монетарната политика и финансиската стабилност. Исто така, Г-дин Јовановски поседува и неколкугодишно професионално искуство како Потпретседател на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија , како и советник на Претседателот за економски прашања.

Неговото неколкугодишно членство во Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје од 2020 година, остварувањето на раководни функции во банкарскиот сектор, како и вршењето на експертски функции во изминатиот период, се соодветни за извршување на надлежностите за функцијата независен член на Надзорниот одбор на Банката во НЛБ Банка АД, што се потврди и во текот на 2022 година.

Тој преку остварување на функцијата на Независен член на Надзорниот одбор на Банката и здобиеното продлабочено знаење од областа на финансиите, банкарското работење, корпоративното управување, улогата и функцијата на органите на управување и надзор се карактеризира со одлично познавање на корпоративото управување на Банката, особено нејзината финансиска состојба и профил на ризичност.

Соодветното стекнато образование, знаење, стручност и компетенции здобиени преку континуирани професионални стручни усовршувања и обуки во областа на финансиите и банкарското работење и менаџментот и други релеватни теми врзани со банкарското работење и корпоративното управување, како: одржливоста и ESG Факторите, Cyber безбедноста, заштитата на личните податоци, спречување на перење на пари, како и други актуелни теми врзани со регулативата и спецификата на банкарското работење, ја потврдуваат неговата соодветност за професионално искуство и знаење за позицијата Независен член на Надзорниот одбор.

За Независниот член на Надзорниот одбор, Г-дин Зоран Јовановски, констатирано е дека постои потенцијален судир на интереси, имајќи предвид дека истиот е сопственик на удел во друштво кое издава економски магазин, со кое Банката имала потпишан договор за услуги, закуп на рекламен простор, за кој постои можност за иден потенцијален судир на интереси и врз основа на тоа дадени се мерки за управување со идентификуваниот ризик во согласност со интерните акти на Банката.

Констатиран е иден потенцијален судир на интерес, имајќи во предвид дека Г-дин Зоран Јовановски во 2022 година започнал со вршење на функцијата - Член на Управен одбор на Винарија Тиквеш АД Скопје. Дополнително, добиена е информација дека друштвото Винарија Тиквеш АД Скопје во моментот на изготвување на оценката нема финансиска изложеност во НЛБ Банка АД Скопје и претходната кредитна изложеност е затворена.

Тој истакна спремност за непречено, целосно, објективно и независно извршување на надлежностите на Надзорниот одбор, оствари независна и објективна оцена на решенијата и одлуките коишто се предлагаа од другите членови на Надзорниот одбор, самостојно ги анализираше одлуките на Управниот одбор и избегнуваше следење на колективните ставови и мислења.

Г-дин Зоран Јовановски, како Независен член на Надзорниот одбор во 2022 година потврди дека, поседува репутација, што, меѓудругото, подразбира почитување на законските одредби и договорните обврски, соработка со супервизорските и со другите надлежни органи и почитување на корпоративната култура и вредности на Банката.

Врз основа на учеството во одржаните седници на Надзорниот одбор на Банката во 2022 година, искажаната иницијатива и проактивност во работењето на Надзорниот одбор, како и информациите за членствата во органи на надзор и/или управување на други правни лица или на непрофитни организации се констатира дека Г-дин Зоран Јовановски, искажал доволно внимание и посветеност на функцијата и извршување на обврските за Независен член на Надзорен одбор, со негова непречена достапност, присуство и проактивно учество на седниците на Надзорниот одбор и други тела во Банката, како Член на Одборот за ревизија, Одборот за именување и Одборот за наградување.

NLB Banka

Исто така се цени дека Г-дин Зоран Јовановски и во 2022 година посветил доволно време потребно за негово дополнително континуирано стручно надоградување, врзано за извршување на сите негови функции.

Датум: 15.03.2023

Потписи на овластените лица:

__________________________________

Дејан Маџоски
Директор
Центар за управување со човечки ресурси

__________________________________

Матеја Папеж
Директор
Центар за усогласување на прописите и интегритет

доверливо

Прилог 1а

**Поединечна оцена на соодветноста на Кристина Ковачич Бјелајац, Член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година**

**а) Проверка на целовитоста на информациите и усогласеноста на податоците со документацијата**

| Критериум | Документи | Адекватност |
|---|---|---|
| Искуство, знаење и компетенции | -биографија(CV)<br>-документација која ја доставил кандидатот<br>-документација со која располага банката<br>Споредување на податоците | да не условно |
| Углед | 1.Кривична постапка/Казнена постапка/ прекршочна постапка<br>2. Економско-општествена позиција<br>3.Информации во медиумите | да не условно |
| Судир на интереси, независност, интегритет и чесност | 1.Лични, професионални или економски односи со банката<br>Документација која ја доставил кандидатот | да не условно |
| Временска расположливост | Документација која ја доставил кандидатот | да не условно |

**б) Вкупна оценка:**

По деталниот преглед на документацијата и информациите, лицето се оценува за:

- **адекватно**
- неадекватно
- условно адекватно

Услови (во случај ако оцената е „условно адекватно"):

| Област | Услови | Рок за исполнување на условот |
|---|---|---|
| 1) | | |
| 2) | | |
| 3) | | |
| 4) | | |
| 5) | | |

**Образложение**

Се констатира позитивна поединечна оцена на соодветноста на Г-ѓа Кристина Ковачич Бјелајац, Член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година и исполнување на критериумите за знаење, искуство и компетенции за остварување на функцијата Член на Надзорен одбор, како и критериумите за углед, судир на интереси и независност, интегритет, чесност и временската расположивост за остварување на функцијата.

Соодветноста на Г-ѓа Кристина Ковачич Бјелајац, Член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година се потврдува со следното:

Долгогодишното успешно, раководно, професионално работно искуство во банкарскиот сектор (НЛБ д.д. Љубљана, Република Словенија) во сегментот на управувањето со глобалните ризици, повеќегодишното членство во Одбор за ревизија во НЛБ Банка Бања Лука (банка - членка на НЛБ Групацијата), како и извршување на функцијата член на Надзорниот одбор и Претседател на Одборот за ревизија во НЛБ Банка АД Скопје во изминатиот период, се соодветни за извршување на надлежностите за функцијата член на Надзорен одбор на Банката во НЛБ Банка АД, што се потврди и во изминатиот период во текот на 2022 година

Таа преку остварување на функцијата на Член на Надзорниот одбор на Банката и Претседател на Одборот за ревизија, како и стекнатото продлабочено знаење од областа на банкарското работење и финансиите, корпоративното управување и улогата и функцијата на органите на управување и надзор, се одликува со одлично познавање на корпоративото управување на Банката, особено нејзината финансиска состојба и профил на ризичност.

Соодветното стекнато образование, знаење, стручност и компетенции здобиени преку континуирани професионални стручни усовршувања и обуки во областа на финансиите и банкарското работење и менаџментот и други релеватни теми врзани со банкарското работење во изминатиот период, како: банкарските ризици и регулаторните барања, одржливоста и ESG Факторите, Cyber безбедноста, заштитата на личните податоци, спречување на перење на пари, како и други актуелни теми врзани со регулативата и спецификата на банкарското работење, ја потврдуваат нејзината соодветност за професионално искуство и знаење за позицијата Член на Надзорниот одбор.

Се оценува дека за Г-ѓа Кристина Ковачич Бјелајац, Член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје и во 2022 година не постоел судир на интереси кои ја ограничувале нејзината способност за вршење на функцијата Член на Надзорен одбор. Таа искажа спремност за непречено, целосно, објективно и независно извршување надлежностите на Надзорниот одбор, оствари независна и објективна оцена на решенијата и одлуките коишто се предлагаа од другите членови на Надзорниот одбор, самостојно ги анализираше одлуките на Управниот одбор и избегнуваше следење на колективните ставови и мислења.

Г-ѓа Кристина Ковачич Бјелајац, врз основа на работење и делување, како Член на Надзорниот одбор во 2022 потврди дека, поседува репутација, што, меѓудругото, подразбира почитување на законските одредби и договорните обврски, соработка со супервизорските и со другите надлежни органи и почитување на корпоративната култура и вредности на Банката.

Врз основа на доставените документи и податоци, беше констатирано дека Г-ѓа Кристина Ковачич Бјелајац поседува 100% удел во правното лице Provista d.o.o чија основна дејност е во врска со шумска механизација каде што е утврдено дека нема потенцијален судир на интереси во областа во која што работи и дека може да посвети доволно време за извршување на функцијата.

Врз основа на нејзиното учество во спроведените седници на Надзорниот одбор на Банката во 2022 година, искажаната иницијатива и проактивност во работењето на Надзорниот одбор, како и информациите за членствата во органи на надзор и/или управување на други правни лица или на непрофитни организации се констатира дека Г-ѓа Кристина Ковачич Бјелајац, посветила доволно внимание и посветеност на функцијата и извршување на обврските за Член на Надзорен одбор, како и на задолженијата и во другите тела во Банката, како Претседател на Одборот за ревизија, член на Одборот за наградување и Член на Одборот за именување.

Исто така се цени дека Г-ѓа Кристина Ковачич Бјелајац во 2022 година посветила доволно време потребно за нејзино дополнително континуирано стручно надоградување, врзано за извршување на нејзините функции.

Датум: 15.03.2023

Потписи на овластените лица:

Дејан Маџоски
Директор
Центар за управување со човечки ресурси

Матеја Папеж
Директор
Центар за усогласување на прописите и интегритет

доверливо

NLB Banka

Прилог 1а

**Поединечна оцена на соодветноста на Матеја Тревен, независен член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година**

а) **Проверка на целовитоста на информациите и усогласеноста на податоците со документацијата**

| Критериум | Документи | Адекватност |
|---|---|---|
| Искуство, знаење и компетенции | -биографија(CV)<br>-документација која ја доставил кандидатот<br>-документација со која располага банката<br>Споредување на податоците | **да** не условно |
| Углед | 1.Кривична постапка/Казнена постапка/ прекршочна постапка<br>2. Економско-општествена позиција<br>3.Информации во медиумите | **да** не условно |
| Судир на интереси, независност, интегритет и чесност | 1.Лични, професионални или економски односи со банката<br>Документација која ја доставил кандидатот | да не **условно** |
| Временска расположливост | Документација која ја доставил кандидатот | **да** не условно |

б) **Вкупна оценка:**

По деталниот преглед на документацијата и информациите, лицето се оценува за:

- адекватно
- неадекватно
- **условно адекватно**

Услови (во случај ако оцената е „условно адекватно"):

| Област | Услови | Рок за исполнување на условот |
|---|---|---|
| 1) Судир на интереси, независност, интегритет и чесност<br>- Членот на Надзорниот Одбор да пријави судир на интереси доколку друштвото Blockhapp d.o.o од Љубљана, во кој се јавува во функција на управител, дава услуги на компании кои работат и дејствуваат на територијата на Република Северна Македонија.<br>- Рокот за исполнување на условот е за целото времетраење на мандатот. | | |
| 2) Членот на Надзорниот одбор не треба да учествува директно во разгледувањето на документација, носењето деловни одлуки вклучувајќи и одлуки за одобрување на финансиска изложеност за правното лице Luka Koper d.d,<br>- Рокот за исполнување на условот е за целото времетраење на мандатот. | | |
| 3) Членот на Надзорниот одбор треба да го обелодени секој судир на интерес поврзан со активности од ЕСГ областа на Центарот за усогласување со прописите и интегритет. | | |

## Образложение

Се констатира позитивна поединечна оцена на соодветноста на Матеја Тревен, Независен член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година и исполнување на критериумите за знаење, искуство и компетенции за остварување на функцијата Член на Надзорен одбор, како и критериумите за углед, судир на интереси и независност, интегритет, чесност и временската расположивост за остварување на функцијата.

Соодветноста на Матеја Тревен, Независен член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година се потврдува со следното:

Матеја Тревен поседува долгогодишно успешно професионално работно искуство на надзорни и други раководни позиции во банкарскиот и осигурителниот сектор, како и консулантски и извршни функции во професионални компании/здруженија за обезбедување на експертски услуги од областа на финансиите и одржливиот развој, при што тековно ја врши функцијата извршен директор и кооснован на друштвото Blockhapp d.o.o. Словенија.

Нејзиното неколку годишно членство во Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје од 2020 година, членството во Надзорниот одбор и Одбор за ревизија на НЛБ Банка Приштина од 2021 година,

како и членството во надзорни одбори и остварување на извршни менаџерски функции во другите сегменти на финансиското работење и пошироко во изминатиот период, се соодветни за извршување на надлежностите за функцијата независен член на Надзорниот одбор на Банката во НЛБ Банка АД Скопје, што се потврди и во текот на 2022 година
Таа преку остварување на функцијата на Независен член на Надзорниот одбор на Банката и здобиеното продлабочено знаење од областа на финансиите, управување со инвестициите, финансиското сметководство, финансиската анализа, осигурувањето, банкарското работење, корпоративното управување, улогата и функцијата на органите на управување и надзор се карактеризира со одлично познавање на корпоративото управување на Банката, особено нејзината финансиска состојба и профил на ризичност.

Соодветното стекнато образование, знаење и стручност здобиени преку континуирани професинални стручни усовршување и обуки во областа на финансиите, инвестициското управување и банкарското работење и менаџментот и други релеватни теми врзани со банкарското работење и корпоративното управување, како: одржливоста и ESG Факторите, Cyber безбедноста, заштитата на личните податоци, спречување на перење на пари, како и други актуелни теми врзани со регулативата и спецификата на банкарското работење, ја потврдуваат нејзината соодветност за професионално искуство и знаење за позицијата Независен член на Надзорниот одбор.

За Независниот член на Надзорниот одбор, Матеја Тревен, констатиран е потенцијален судир на интереси, имајќи во предвид дека Г-ѓа Матеја Тревен е управител на друштвото Blockhapp d.o.o. Словенија кое имајќи ја во предвид дејноста на друштвото истото можно е да дава услуги и на компании кои работат и дејствуваат на територија каде што НЛБ Групацијата дејствува/работи особено на територијата на Република Северна Македонија.
Дополнително, во 2023 Матеја Тревен ја обелодени нејзината функција во рамки на одборот за ревизија на Luka Koper d.d, каде што идентификувавме потенцијален судир на интерес од причина што друштвото е комитент на НЛБ д.д. Исто така, Матеја Тревен ја обелодени интенцијата да учествува во ЕСГ Проекти како консултант во Република Словенија, потенцијално во банкарскиот сектор.
Оттука, кандидатот потребно е согласно интерните акти на Банката да го обелодени судирот на интереси на Центарот за усогласеност со прописи и интегритет, со цел определување на мерки за негово понатамошно управување.

Таа искажа подготвеност за непречено, целосно, објективно и независно извршување надлежностите на Надзорниот одбор, оствари независна и објективна оцена на решенијата и одлуките коишто се предлагаа од другите членови на Надзорниот одбор, самостојно ги анализираше одлуките на Управниот одбор и избегнуваше следење на колективните ставови и мислења.

Г-ѓа Матеја Тревен, како Независен член на Надзорниот одбор во 2022 потврди, дека поседува репутација, што, меѓудругото, подразбира почитување на законските одредби и договорните обврски, соработка со супервизорските и со другите надлежни органи и почитување на корпоративната култура и вредности на Банката.
Врз основа на учеството во спроведените седници на Надзорниот одбор на Банката во 2022 година, искажаната иницијатива и проактивност во работењето на Надзорниот одбор, како и информациите за членствата во органи на надзор и/или управување на други правни лица или на непрофитни организации, односно член на Одбор за ревизија во друштвото Лука Копер (Port of Koper) за која функција издвојува по 10 часа месечно, се констатира дека Г-ѓа Матеја Тревен, посветила доволно внимание и посветеност на функцијата и извршување на обврските за Независен член на Надзорен одбор, со нејзино непречено учество и присуство на седниците на Надзорниот одбор и други тела во Банката.

Исто така се цени дека Г-ѓа Матеја Тревен во 2022 година посветила доволно време потребно за нејзино дополнително континуирано стручно надоградување, врзано за извршување на нејзините функции.

Датум:15.03.2023

Потписи на овластените лица:

________________________________________
Дејан Маџоски
Директор
Центар за управување со човечки ресурси

________________________________________
Матеја Папеж
Директор
Центар за усогласување на прописите и интегритет

доверливо

Прилог 1а

**Поединечна оцена на соодветноста на Андреја Стражишар за член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2022**

**а) Проверка на целовитоста на информациите и усогласеноста на податоците со документацијата**

| Критериум | Документи | Адекватност |
|---|---|---|
| Искуство, знаење и компетенции | -биографија (CV)<br>-документација која ја доставил кандидатот<br>-документација со која располага банката<br>Споредување на податоците | **да** не условно |
| Углед | 1.Кривична постапка/Казнена постапка/ прекршочна постапка<br>2. Економско-општествена позиција<br>3.Информации во медиумите | **да** не условно |
| Судир на интереси, независност, интегритет и чесност | 1.Лични, професионални или економски односи со банката<br>Документација која ја доставил кандидатот | **да** не условно |
| Временска расположливост | Документација која ја доставил кандидатот | **да** не условно |

**б) Вкупна оценка:**

По деталниот преглед на документацијата и информациите, лицето се оценува за:

- **адекватно**
- неадекватно
- условно адекватно

Услови (во случај ако оцената е „условно адекватно"):

| Област | Услови | Рок за исполнување на условот |
|---|---|---|
| 1) | | |
| 2) | | |

**Образложение за оцената**

Се констатира позитивна поединечна оцена на соодветноста на г-ѓа Андреја Стражишар, Член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година и исполнување на критериумите за знаење, искуство и компетенции за остварување на функцијата Член на Надзорен одбор, како и критериумите за углед, судир на интереси и независност, интегритет, чесност и временската расположивост за остварување на функцијата.

Соодветноста на Г-ѓа Андреја Стражишар, Член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година се потврдува со следното:
Г-ѓа Андреја Стражишар поседува долгогодишно успешно професионално работно искуство во банкарскиот сектор, од кои над 14 години на раководни позиции во сегментот на финансискиот контролинг во Нова Љубљанска банка д.д. Љубљана Република Словенија, и тоа над 4 години како Директор на Сектор и 10 години како Заменик директор на истиот сегмент.

Во досегашното искуство како менаџер во делот на контролингот, се одликува со активен професионален ангажман, како одговорен за компетенциите за контролингот на ниво на НЛБ Групацијата, како и ко-лидер во Групата за управување на капиталот на Групацијата.

Нејзиното членство во Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје од 2021 година, како и членството во Одборот за ревизија во изминатиот период, се соодветни за извршување на надлежностите за

функцијата член на Надзорниот одбор на Банката, што се потврди и во текот на 2022 година.

Таа преку остварување на функцијата на Член на Надзорниот одбор и другите раководни функции во областа на контролингот во банкарското работење, како и стекнатото продлабочено знаење од областа на банкарското работење, финансиите, корпоративното управување и улогата и функцијата на органите на управување и надзор, поседува одлично познавање на корпоративото управување на Банката, особено нејзината финансиска состојба и профил на ризичност.

Соодветното стекнато образование, знаење, стручност и компетенции здобиени преку континуирани професионални стручни усовршувања и обуки во областа на финансиите и банкарското работење и менаџментот и други релеватни теми врзани со банкарското работење и корпоративното управување, како: одржливоста и ESG Факторите, Cyber безбедноста, како и други актуелни теми врзани со регулативата и спецификата на банкарското работење, ја потврдуваат нејзината соодветност за професионално искуство и знаење за позицијата Член на Надзорниот одбор.

Се оценува дека за г-ѓа Андреја Стражишар, Член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје, во 2022 година не постоеле судири на интереси кои ја ограничувале нејзината способност за вршење на функцијата Член на Надзорен одбор. Таа искажа подготвеност за непречено, целосно, објективно и независно извршување на надлежностите на Надзорниот одбор, преку остварување на независна и објективна оцена на решенијата и одлуките коишто се предлагаа од другите членови на Надзорниот одбор, самостојно ги анализираше одлуките на Управниот одбор и избегнуваше следење на колективните ставови и мислења.

Г-ѓа Андреја Стражишар, како Член на Надзорниот одбор во 2022, потврди дека, поседува репутација, што, меѓудругото, подразбира почитување на законските одредби и договорните обврски, соработка со супервизорските и со другите надлежни органи и почитување на корпоративната култура и вредности на Банката.

Г-ѓа Андреја Стражишар, врз основа на искажанато работење и делување, како Член на Надзорниот одбор во 2022 потврди дека, поседува репутација, што, меѓудругото, подразбира почитување на законските одредби и договорните обврски, соработка со супервизорските и со другите надлежни органи и почитување на корпоративната култура и вредности на Банката.

Врз основа на учеството во спроведените седници на Надзорниот одбор на Банката во 2022 година, искажаната иницијатива и проактивност во работењето на Надзорниот одбор, како и информациите за членствата во органи на надзор и/или управување на други правни лица или на непрофитни организации се констатира дека г-ѓа Андреја Стражишар, посветила доволно внимание и посветеност на функцијата и извршување на обврските за Член на Надзорен одбор, како и на задолженијата и во другите тела во Банката, како член на Одборот за ревизија.

Исто така, се цени дека г-ѓа Андреја Стражишар во 2022 година посветила доволно време потребно за нејзино дополнително континуирано стручно надоградување, врзано за извршување на нејзините функции.

Датум: 15.03.2023

Потписи на овластените лица:

______________________________
Дејан Маџоски
Директор
Центар за управување со човечки ресурси

______________________________
Матеја Папеж
Директор
Центар за усогласување на прописите и интегритет

**Доверливо**

Прилог 1б

**Колективна годишна оцена на соодветноста на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година**

Се констатира дека составот на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во текот на 2022 година, во следниот состав:

- Блаж Бродњак, Претседател на Надзорниот одбор
- Боштјан Ковач, Заменик претседател на Надзорниот одбор (од 18.04.2022г.)
- Зоран Јовановски, Втор заменик претседател на Надзорниот одбор и независен член на Надзорниот одбор
- Кристина Ковачич Бјелајац, Член на Надзорниот одбор
- Матеја Тревен, Независен член на Надзорниот одбор
- Андреја Стражишар, Член на Надзорниот одбор,

искажа ефикасно работење и надзор на Одборот и потврди дека ги поседува знаењата, компетенциите и искуството потребно за независен надзор на работењето на НЛБ Банка АД Скопје, со особен акцент на сеопфатното познавање и разбирање на активностите што ги врши банката и на материјалните ризици на кои е изложена.

Во остварувањето на надзорот, Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје и со новоименуваниот член на Одборот во 2022 година Боштјан Ковач, од 18.04.2022 година, продолжи одговорно и ефикасно да ги врши своите надлежности, и одржи висок степен на професионалност, комплементарност и стручност во вршење на надзорот на Банката согласно законската регулатива и барања.

Со ова се констатира дека членовите на Надзорниот одбор во ваков состав во 2022 година поседуваа, соодветни компетенции и стручност во банкарското работење, способност за меѓусебна соработка и размена на искуства и знаења со потребната објективност, независност и самостојност во одлучувањето и извршувањето на надлежностите, како и посветување на соодветно време за извршување на обврските што произлегуваат од членството на Одборот, како и дедицирање на време за нивна континуирано стручно надоградување за функцијата.

Се цени дека членовите на Надзорниот одбор имаат стекнато долгогодишно професионално работно искуство од различни области коишто овозможува Надзорниот одбор ефикасно и соодветно да врши надзор на работењето на Банката и Управниот одбор, да ги одобрува политиките за вршење на финансиски активности и останатите политики и да го следи нивното спроведување согласно Законот за банки и Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, како и да обезбедува добро работење, управување и стабилност на Банката и навремено и точно финансиско известување на НБРСМ.

Разновидното професионално искуство и знаење се состоеја од познавање на процесите и искуството со кои располагаа членовите на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје, а се однесуваат на: управувањето со ризиците, вршењето финансиски анализи, финансиското известување и сметководство, информациската технологија, пазарите на капитал, стратегиското планирање, внатрешната ревизија, усогласеноста со прописите, наградувањето на успешноста во работењето,разбирањето на локалната, регионалната економија, како и глобната економија и финансии, како и познавањето на релевантната домашна регулатива и меѓународни стандарди од банкарското р аботење.

Имено, се валидира дека членовите на Надзорниот одбор поседуваат докажани управувачки и надзорни вештини и знаења, и истото го истакнаа и во 2022 година со придонес кон ефикасно остварување на надзорот и работата на Одборот.

Надзорниот одбор се карактеризираше со високо ниво на ефикасност и посветеност на надзорната функција преку редовното учество на членовите на одборот на одржаните тринаесет седници на Одборот во 2022 година, како и во работата на останатите одбори на банката. Нивната активна вклученост и меѓусебно дополнување со искажани објективни

независни ставови во одлучувањето и остварувањето на надзор на работењето,  беше карактеристика на нивното работење и во 2022 година.

Врз основа на ова, се цени дека составот на Надзорниот одбор поседува способност за размена на искуства и знаења и меѓусебна соработка во вршење на надзор на Банката, како и носење на индивидуални објективни и непристрасни одлуки во надзорот.

Во својата работа, Надзорниот одбор се карактеризираше со високо ниво на ефикасност во спроведување на деловната политика и обезбедувањето на добро работење и стабилност на Банката, како и континуирано активно промовирање на високите вредности и корпоративна култура на работење согласно законските барања и етичките професионални стандарди на банкарското работење.

Со колективната годишна позитивна оцена на Надзорниот одбор како колективен интегриран орган,се потврдува исполнувањето на предусловите за колективно донесување на експертски одлуки и поседувањето на соодветно знаење, компетенции и искуство за обезбедување на услови за добро и стабилно работење и управување со Банката кое се потврди и докажа за 2022 година.

Прилог 1в

**Оцена на сопствената работа за 2022 од членовите на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје**

Оцената на сопствената работа за 2022 од членовите на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје е дадена во форма на Извештај за анализа на спроведената самооцена за 2022, дадена во продолжение.

**Извештај за анализа на спроведената самоцена за 2022, дадена ви продолжение.**

1. **Вовед**

Најдобрата практика на корпоративното управување препорачува дека работата на Надзорниот Одбор („НО“) ќе се оценува на годишно ниво. Целта на ваквата постапка е да се идентификуваат областите во кои се потребни подобрувања и да се прецизираат приоритетите и потребните мерки.

Процесот на самооценка беше спроведен со користење на методологијата на НЛБ Групацијата (Структуиран прашалник за самооцена) која оваа година беше надградена со следново:
- во делот на Рамката за корпоративно управување беа додадени прашања во врска со Политиката за наградување и Политиката за одржливост (А3, А4);
- некои нови прашања во врска со претседавањето со седниците на НО, квалитетот на дискусијата, можноста за искажување на сопствените мислења и кој редовно известува на седницата на НО беа додадени во Дел Ѓ и Е;
- улогата на секретарот беше преместена во делот седници на НО (дел Е8);
- формулацијата во неколку делови на прашалникот беша поедноставена или усогласена со тековната и посакуваната состојба во НЛБ Групацијата.

2. **Извршно резиме**

Прашалници за самооценување беа испратени до 6 членови[1] на НО на НЛБ Банка Скопје, а 5 од нив ги пополнија прашалниците.

Резимето на анализата на прашалниците ја покажува просечната оценка (мин. 1, макс. 4) на главните области на работење на НО и нивното индивидуално мислење во однос на јаките и слабите страни на НО, како што следува:

| А | **РАМКА ЗА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ**<br>*Политика за корпоративно управување (CGP), Политика за диверзитет,, Политика за наградување, Политика за одржливост или друг еквивалентен документ* |
|---|---|
| **Просечен резултат:**<br><br>**3. 4** | Наоди: Банката има Политика за корпоративно управување, Политика за наградување и некои документи за одржливост. Политиката за диверзитет сѐ уште не е усвоена. .<br><br>Предлози за подобрување:<br>Бидејќи целите за диверзитет/различност сѐ уште не се формално дефинирани, Банката може да подготви политика за диверзитет врз основа на политиката за диверзитет на НЛБ д.д. а во согласност со Кодексот за корпоративно управување објавен од Македонската берза. |

[1]Во април 2022 година, како замена беше назначен еден нов член на НО.

| Б | ***<u>НАЗНАЧУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА НО И ВОВЕДУВАЊЕ</u>***<br>*Дефинирање на критериумите за селекција на кандидати, постапки за селекција, програма за воведување (Onboarding)* |
|---|---|
| **Просечен резултат:**<br><br>**3. 5** | <u>Наоди:</u> Утврдениот состав на НО е дефиниран во Политиката за корпоративно управување на Групацијата и дополнет со независни членови на НО.<br>Постапката за избор на кандидат е транспарентна, претходно усогласена со парнерска банка и во согласност со интерниот акт на Банката.<br>Новите членови на НО се соодветно информирани за клучните карактеристики на Банката (активности, стратешки политики, ризици итн.), со политиката за корпоративно управување, а достапен е и пакет со документација за воведување (Onboarding).<br><br><u>Редовна пракса</u>:<br>Програмата за воведување за нов член на НО вклучува состанок со Претседателот на НО, Управниот одбор, Б-1 и секретарот на НО. |

| В | ***<u>СОСТАВ НА НАДЗОРЕН ОДБОР</u>***<br>*Вештини, знаење и искуство на членовите на НО, диверзитет на составот и бројот на членовите на НО, процедурата за оценка на соодветноста (fit& proper)* |
|---|---|
| **Просечен резултат:**<br><br>**3. 9** | *<u>Наоди:</u> Комбинацијата од избрани професионални искустсва на членовите на НО е комплементарна, како и прилагодена на предизвиците и плановите.Бројот на членови на НО овозможува назначување на членови во одборите на НО.*<br>*Процедурата за оценка на соодветноста (fit& proper) дел од процесот на именување.* |

| Г | **ЗАДАЧИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР**<br>*Стратегиски менаџмент, контрола на работењето на Банката, сегмент на управување со човечки ресурси* |
|---|---|
| **Просечен резултат:**<br><br>**3.3** | <u>Наоди:</u> НО учествува во усвојувањето на долгорочната стратегија за развој на Банката.<br>НО редовно и ефикасно ги контролира сите области важни за Банката.<br>Програмата за сукцесија беше воспоставена, но не сите позиции ги идентификуваа наследниците.<br><br><u>Редовна пракса</u>:<br>Ќе се цени доколку има повеќе дискусии за талентите, планирањето на сукцесија и корпоративната клима на седниците на НО. |

| Д | **ОДНОСИ СО УПРАВНИОТ ОДБОР**<br>*Назначување на членови на УО, квалитет на соработка, евалуација на перформансите, наградување* |
|---|---|
| **Просечен резултат:**<br><br>**3. 9** | <u>Наоди:</u> Постапката за избор на кандидати е транспарентна, дефинирана од партнерската банка и вградена во интерните акти на Банката. УО и НО добро соработуваат. НО редовно и систематски ги оценува перформансите на УО, системот за следење е прилично сложен и многу детален во делот на поставување годишни цели. |

| Ѓ | **КВАЛИТЕТ НА МАТЕРИЈАЛИ И ИЗВЕСТУВАЊЕ**<br>*Навременост и квалитет на материјалите, доверливост на информациите, квалитет на известување, известувачи;* |
|---|---|
| **Просечен резултат:**<br><br>**3. 6** | Наоди:<br>Квалитетот на материјалот за седниците на НО беше унапреден, но сè уште постојат можни подобрувања во подготовката на добро структуирани образложенија/резимеа што би ја воделе дискусијата во области од материјален интерес/проблематични области.<br>Деловната тајна/доверливоста е заштитена. Квалитетот на известувањето е на високо ниво.<br><br>Предлог за подобрување:<br>Материјалите за состаноците на НО сè уште може да се подобрат со квалитетно структурирани резимеа и навремена подготовка. |

| Е | **СЕДНИЦИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР**<br>*Свикување и претседавање со седниците, квалитет на дискусија, дигитализација и заштита на информации, агенда, записник од состаноци, следење на имплементацијата на одлуките, секретар на НО* |
|---|---|
| **Просечен резултат:**<br><br>**3.8** | Седниците се свикуваат во согласност со Деловникот за работа на НО. Дискусиите се конструктивни. Банката обезбедува соодветна заштита и безбедност на информациите при дистрибуција на материјали до членовите на НО.<br>Има одредени недостатоци во подготовката на Записникот.<br><br>Предлози за подобрување:<br><br>- Записникот треба да ја отслика целата содржина и дискусија на седницата на НО, да се подобри квалитетот на изразувањето.Записникот треба да се подготви навремено и прво да се провери интерно во Банката пред да се испрати до членовите на НО.<br><br>- Банката треба да ги направи сите потребни активности за спроведување на дигитално потпишување за работа на НО. |

| Ж | **ОДБОРИ НА НО**<br>*Назначување и состав на одбори на НО, извештај на Одборот до НО* |
|---|---|
| **Просечен резултат:**<br><br>**4** | Наоди: НО ги постави потребните одбори. Повеќето членови се експерти во областа за која одборот е надлежен. НО е редовно и навремено информиран за работата на одборите. |

| 3 | **ПРИДОНЕСИ НА ПОЕДИНЕЧНИ ЧЛЕНОВИ НА НО**<br>*Присуство на седници на НО, подготвеност, учество, придонес на поединечни членови на НО* |
|---|---|
| **Просечен резултат:**<br><br>**3.7** | Наоди: Присуството на членовите на НО на седниците е големо. Членовите на НО генерално темелно се подготвуваат за состанокот. Стручното знаење и професионалниот однос на членовите на НО ја прават атмосферата на состаноците на НО пријатна и погодна за нови идеи. |

| S | **КУЛТУРА И РАЗВОЈ НА НАДЗОРЕН ОДБОР**<br>*Квалитет на дискусија и изразување на индивидуални мислења, судир на интереси, динамика на активноста на НО, мотивација за работа, професионален развој, евалуација на перформансите на НО, наградување на НО;* |
|---|---|
| **Просечен резултат:**<br><br>**3.7** | Наоди:<br>Членовите на НО се подготвени на начин на кој можат да го изразат своето мислење и да придонесат за дискусијата. Конфликтот на интереси се управува според препораките за најдобра практика, законските прописи и внатрешните акти. Сите одлуки се донесуваат заеднички без разлика на какви било разлики во ставовите и позициите.<br>НО усвојува рамковен образовен план во кој се покриени областите релевантни за активностите на НО и неговите одбори.<br>Самоевалуацијата на НО се врши еднаш годишно.Имплементацијата на акцискиот план за спроведување на потребните подобрувања утврдени во претходната самооценка не се следи редовно.<br><br>Предлог за подобрување:<br>Редовно треба да се следи имплементацијата на потребните подобрувања идентификувани во самооценувањето на членовите на НО. |

## 3. Заклучок и препораки

По редовната годишна самооценка за 2022 година, работата на поединечните членови и работата на Надзорниот одбор беше целосно оценета како ефикасна, бидејќи навремено и конструктивно одговори на секој предизвик и успешно го надгледуваше работењето на Банката.
Не се забележани поголеми слабости.

Постигнат е висок просечен резултат во сите области ⇰ **3.7** (макс. 4.0; 2021: 3.8).

Сепак, простор за подобрување беше идентификуван во следните области:

| | **Одговорен** | **Рок** |
|---|---|---|
| **А: РАМКА ЗА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ**<br>Бидејќи целите за диверзитет сè уште не се формално дефинирани, Банката треба да изготви Политика за диверзитет врз основа на Политиката за диверзитет на НЛБ д.д. и во согласност со Кодексот за корпоративно управување објавен од Македонската берза. | Банката | Во 2023 година |
| **Б: КВАЛИТЕТ НА МАТЕРИЈАЛИ И ИЗВЕСТУВАЊЕ**<br>Материјалите за состаноците на Надзорниот одбор сè уште може да се подобрат со квалитетно структурирани резимеа и навремена подготовка. | Банката | Тековна задача |

| | | |
|---|---|---|
| **В: СЕДНИЦИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР**<br>Записникот треба да ја одразува целата содржина и дискусија на состанокот на НО, квалитетот на текстот треба да се подобри. Записникот треба да се подготви навремено и најпрво да се провери интерно во Банката пред да се испрати до членовите на НО. | Секретар на НО | Тековна задача |
| **Г: СЕДНИЦИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР**<br>Банката треба да ги направи сите потребни активности за спроведување на дигитално потпишување за работа на Надзорниот одбор. | Банката | што е можно побрзо |
| **Д: КУЛТУРА И РАЗВОЈ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР**<br>Редовно треба да се следи имплементацијата на неопходните подобрувања идентификувани во самооценувањето на членовите на Надзорниот одбор. | Надзорен одбор<br>Секретар на НО | Тековна задача |

**Прилог г**

## 1. Оцена на големината и составот на Надзорниот одбор

Големината на Надзорниот одбор е уредена согласно пропишаниот број на членови кој е утврден со Законот за Банките.
Членовите на Надзорниот до Април 2022 година работеа во состав од 5 члена додека од 18.04.2022 година работеа во состав од 6 члена и истите водеа ефикасна дискусија и расправа по точките на дневен ред во насока на давање на конструктивни предлози како и објективно и независно одлучуваа за секоја предлог-одлука, при што позитивно се оценува нивната улога во работата на Надзорниот одбор на Банката за 2022 година.

## 2. Оцена на големината и составот на Одборот за ревизија и на Одбор за управување со ризици

Големината на Одборот за ревизија и на Одбор за управување со ризици е уредена согласно пропишаниот број на членови кој е утврден со Законот за Банките.

Членовите на Одборот за ревизија во 2022 година работеа во состав од 5 члена и истите водеа ефикасна дискусија и расправа по точките на дневен ред во насока на давање на конструктивни предлози како и објективно и независно одлучуваа за секоја предлог - одлука, при што позитивно се оценува нивната улога во работата на Одборот за ревизија на Банката за 2022 година.

Членовите на Одбор за управување со ризици во 2022 година работеа во состав од 9 члена и истите водеа ефикасна дискусија и расправа по точките на дневен ред во насока на давање на конструктивни предлози како и објективно и независно одлучуваа за секоја предлог-одлука, при што позитивно се оценува нивната улога во работата на Одбор за управување со ризици на Банката за 2022 година.

## 3. Оцена на ефикасноста на надзорот што го врши Надзорниот одбор како дел од корпоративното управување во Банката и идентификување на активностите каде што е потребно унапредување или промени

Надзорниот одбор има една од главните улоги во ефикасно спроведување на надзорот во корпоративното управување во Банката.

Преку воспоставување на добар систем на корпоративни правила и вредности, Надзорниот одбор во текот на 2022 година обезбеди добро стабилно работење на Банката како и усогласување на работењето на Банката со локалната регулатива за корпоративно управување, како и усогласување со меѓународните стандарди на корпоративното управување.

Воспоставениот систем за корпоративно управување на НЛБ Банка АД Скопје, особено контролата извршена од страна на Надзорниот одбор, се покажува како ефикасна и Банката континуирано работи на подобрување на веќе воспоставениот ефикасен систем на корпоративно управување.

Исто така, ги отсликува перформансите на Банката во почитувањето и примената на Кодексот на однесување утврден на ниво на Групацијата.

Секој поединечен член на Надзорниот одбор и Надзорниот одбор како колектив ќе продолжи да работи на подобрување на воспоставениот систем на корпоративно управување.

Од овој аспект, позитивно се оценува улогата на надзор која ја има Надзорниот одбор на Банката како дел од корпоративното управување во Банката.

NLB Banka

4. **Оцена на ефикасноста на Одборот за именување и Одборот за наградување**

Членовите на Одборот за наградување и Одборот за именување во 2022 година работеа во состав од 4 члена и истите водеа ефикасна дискусија и расправа по точките на дневен ред и континуирано му помагаа на Надзорниот одбор при спроведувањето на дел од неговите надлежности поврзани со воспоставувањето и спроведувањето на Политиката за наградување и Политиката за начинот на избор, следење на работењето и разрешување на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор

Надзорниот одбор од редот на своите членови избира членови кои ќе бидат дел од составот на Одборот за именување и Одборот за наградување и истите преку своето долгогодишно професионално работно искуство од различни области му даваа конструктивни предлози и објективно и независно одлучуваа за секоја предлог – одлука до Надзорниот одбор, при што позитивно се оценува нивната улога во работата на Одборот за именување и Одборот за наградување на Банката за 2022 година

5. **Оцена на ефикасноста на Законски пропишаните одбори (Одбор за ревизија и Одбор за управување со ризици)**

Одборот за ревизија и Одборот за управување со ризици во текот на 2022 година ефикасно ја вршеа својата работа преку навремено информирање на Надзорниот одбор за своите активности кои се утврдени согласно Законот за банки и Статутот на Банката, при што позитивно се оценува нивната улога во воспоставување на професионални стандарди во банкарското работење.

Боштјан Ковач
Претседател на
Одбор за именување